

*Второ поглавие од книгата "Духопридвижна труба" на Старец Јосиф*



# ВТОРИОТ ЗВУК НА ТРУБАТА

во името на двете природи на нашиот Спасител
а исто така, и на дводелноста на човековото битие,
го огласува

## МИСЛОВНОТО ДЕЛО

И така, брате мој возљубен, сега, откако накратко раскажавме за тоа што му приличи на телото и, откако ја врзавме и ја скротивме плотта, покажувајќи на каков начин можеме да ја натераме да му се потчинува на духот, треба да ги доведеме во ред мислата и помислата, и да ѝ дадеме крилја на мислата за да се издигне од земното кон небесното преку природно созерцување на постоечките нешта!

Боговдахновените отци учат дека природата учи на познание и преку природното созерцание. И така, кога мислата пребива во тоа созерцание на постоечкото и се просветлува од честото јавување на умнодостижната и мисловна Божествена роса, слична на Божествената мана, испратена на Евреите, тогаш, хранејќи се со тоа што го созерцува, таа се учи да се бори со своите непријатели - демоните!

Слушај внимателно и често размислувај за моите зборови, за да се просветли твојата душа, а ти да го разбереш начинот на кој треба да Му се приближиш на Бога. И кога со очите на умот, преку умната молитва, ќе се соединиш со Него, Тој ќе те научи да не го кажуваш излишното и непотребното, а исто така и да не се молиш за нешто пред да дојде време за тоа. Како дете, коешто гуга во прегратките на својот Отец, со чиста душа кажувај го она што е во длабочината на твоето срце и ти се чини полезно. Тогаш, несомнено, твојот Отец ќе ја чуе твојата прозба, ако тоа, за коешто се молиш, навистина ќе ти биде од полза.

И така, потчинувај им се на моите зборови и внимавај со својот ум како со синовска едноставност да ја започнеме спасителната молитва, насочена кон Оној Кој сака да се спасиме, и на Кого таа му е угодна:



Скит Мала Света Ана

“Кажи ми, милосрден и човеколубив Исусе мој Пресладок и Христе мој возљубен, кој се молел за мене? Кој Те измолил да ме приведеш од небитие во овој свет, така што да се појавам во светот од родители коишто се добри и верни христијани, додека толку многу деца се раѓаат од турци, франки (традиционален грчки назив за западни христијани), пагани, идолопоклоници и други коишто не веруваат во Тебе? Зашто, тие како да не се родени целосно, и се осудени на вечна мака. Колку силно треба да Те возљубам и да Ти благодарам за толку голема милост и благодејание, што си ми ги укажал? Дури и својата крв да ја пролеам, ни со тоа нема да можам достојно да Ти благодарам! И повторно Те прашувам, Пресладок Спасителу мој, кој се молел за мене, за да ме поднесуваш, мене кој од детска возраст грешам веќе толку години, и да не Ти здодеам, макар што гледаш дека ги навредувам другите, крадам, се гневам, се прејадувам, дека сум користолубив, завидлив и исполнет со секакво зло, а Тебе, мојот Бог, Го навредувам со своите дела. Ти, Господи, не ја испрати смртта за да ме достигне во моите гревови, зашто, доколку умрев, ќе бев осуден на вечни маки. Но, Ти ме поднесуваше великодушно! Колку е голема Твојата Добрина, Господи! И кој Те измоли да ме доведеш до покајание и до исповед, да ме облечеш во овој голем ангелски образ и да ме прибροиш, макар што сум недостоен за тоа, на монашкиот чин? Колку е неискажливо величието Твое, Господи! Колку е страшен Твојот преголем Домострој! Колку е богат Твојот дар, Владико! Колку се неисцрпни Твоите ризници и неизглаголиви Твоите таинства! Кој нема да затрепери, восхитувајќи ѝ се на Твојата добрина! Кој нема да се восхити? Гледајќи ја богатата Твоја Милост! Треперам, Владико, раскажувајќи за Твојот голем дар! Мојот Владика и Господ се распнува, за да ги спаси оние што Го распнале! Јас, кој постојано грешам, на тој начин го распнувам својот Создател, и Оној што ме создаде, Тој ме ослободува! О, Љубов Преслатка, Исусе! Колку сум Ти должен! Но јас, Христе мој, не треба да Те сакам затоа што си ми ветил Живот Вечен. Ниту затоа што ми ја ветуваш Својата благодат. И ниту заради ветеното вкусување на рајските блага. Јас сум должен да Те сакам зашто Ти си достоен на секоја љубов! Должен сум да Ти служам, зашто Ти си ме ослободил од ропството на гревовите и на страстите. О, големо чудо, сокриено од сите што не Те познале, Господи!”

Кој искупен роб бара плата, служејќи му на својот господар? И како тој може да бара ослободување, ако веќе е должен на господарот за тоа што овој го искупил? Ете, Твојот Цар и Господ на сè, се распнал за тебе и те искупил од ропското служење на демоните, со тоа што ти ги дал заповедите како противотров за страстите, та ако ги исполнуваш, да се избавиш од страстите коишто те победуваат.

Тој ти вели: “Не прељубодејствувај! Труди се ревносно, борејќи се со страстите што војуваат против тебе, за да го запазиш целомудрието, зашто, ако не се принудиш на целомудрие и ако претрпиш пораз, неизбежно ќе станеш блудник! Не кради, за да бидеш верен. А ако не се принудуваш да останеш верен, неизбежно ќе станеш крадец. Не биди среброљубец, за да бидеш милосрден. Не угодувај му на стомакот, за да бидеш воздржлив. Имај ја во себе љубовта, за да не станеш завидлив...”



Пештерска келија на Старец Јосиф во Катунакиа

И така натаму за сите добродетели и Господови Божествени заповеди што ни се дадени како противотров! За да ги придобиеме и да ги запазиме нужно е да се бориме и да ја одржиме победата над пороците коишто им се спротивни, коишто поради долготрајната навика, ја добиле силата на втора природа. Ѓаволот, пак, ги зајакнува, навиката ги храни, а нашата пропадлива човечка природа е склона кон нив. Ете, тоа се трите лукави и големи сили коишто војуваат против душата и против Божествениот закон!
И така, слушај внимателно. Господ, откако во почетокот нè ослободи преку Божественото крштевање, ни ги даде Своите Божествени заповеди како противотров на страстите, за да не паднеме повторно под ропството на гревот! И така, сега ние се трудиме за Бога, не за да добиеме од Него награда и не заради Вечниот Живот, туку се трудиме како искупени робови, за да не им робуваме на демоните!
Ние сме должни да се трудиме, зашто Тој нè искупи. И затоа треба да Му служиме со крајно послушание и со големо смирение, исполнувајќи ги сите Негови свети заповеди! И ако се покажеме како верни слуги, тогаш Тој како ДАР ќе ни ја даде Својата Божествена БЛАГОДАТ, ќе нè ослободи од страстите и ќе ни го даде Своето Несесно Царство, велејќи: “Убаво, добри и верни слуго! Во малку си бил верен, над многу ќе те поставам” (Матеј 25:21). Гледаш ли, брате, дека Тој не ни вели: “Дојди, ќе те наградам според твојот труд, зашто си се трудел заради Мене”, туку поради Својата голема Добрина ни ја дава милоста на Својата добросрдечност и на Својата безгранична љубов спрема нас, а исто така ни ја дава и преслатката Своја благодат, уништувајќи ги нашите страсти кои што ни досадуваат и удостојувајќи нè со Своето Царство!
И така, кога пристапуваш кон исполнување на својот долг - молитвата, пристапи со големо смирение и со скрушено срце, просејќи ја Божјата милост, но не затоа што Тој е должен да ти ја даде благодатта, туку затоа што си во пранги и Го молиш милостиво да те ослободи, велејќи вака: “Владико, пресладок Господи наш Исусе Христе, испрати ми ја Твојата света благодат и ослободи ме од гревовните пранги! Просветли ја темнината на мојата душа, за да ја спознаам Твојата безгранична милост, да Те возљубам и достојно да Ти благодарам Тебе, Преслаткиот мој Спасител и Бог, достоен за секоја љубов и благодарење. Да, драг мој Благодетелу, многумилостив Господи, не одземај ја од нас Твојата богата милост, туку смилувај се на Своето создание. Ја знам, Господи, тежината на моите гревови, но ја знам и Твојата неискажлива милост. Ја гледам темнината на мојата бесчувствителна душа, но со добра надеж верувам и го очекувам Твоето Божествено просветлување и избавувањето од лукавите гревови и погибелните страсти, по молитвите на Твојата Преслатка Мајка, нашата Владичица Богородица и Секогашдева Марија и на сите светии. Амин.”
Не престанувај да се молиш така до последниот здив, а Бог е силен да ја исполни твојата прозба. Нему слава, чест и поклонение во веки.

од бугарски: д-р Драган Михајловиќ